**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА
НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И
САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р О Г Р А М А

## 38- ми ОКТОМВРИСКИ СРЕДБИ

со меѓународно учество

**30.09. - 03.10. 2010**
**ХОТЕЛ СЛАВИЈА - ОХРИД**
**www.szmlst.mk**

# СИНДРОМ НА ПОЛИЦИСТИЧНИ ЈАЈНИЦИ, ОБЕЗИТЕТ И РЕПРОДУКТИВНИ ИМПЛИКАЦИИ

**-УСНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА-**

**Mr.Sci.med.Dr. ЕМИЛИЈА И.ЈАШОВИЌ-СИВЕСКА**
**СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ-АКУШЕР**
**ПЗУ НЕУРОМЕДИКА, БИТОЛА**
**ТЕЛ. 070-782-100**
**e-mail: medihelp@t-home.mk**

**АБСТРАКТ**

Синдромот на полицистични јајници (ПЦОС) една е од најчестите причини за женска неплодност, погодувајќи и до 50% од жените во репродуктивна возраст. Синдромот се карактеризира со ановулација, хиперандрогенизам и ултразвучно полицистични јајници. Понатаму ПЦОС поврзан е и со инсулинска резистенција и обезитет, кои се присутни кај приближно 50% од жените со ПЦОС. Репродуктивната функција на жената е силно зависна од телесната маса и метаболниот статус. Дебелината е поврзана со зголемен ризик за неплодност, а воедно може да има негативно влијание врз текот и исходот на бременоста. Со оглед на тоа што во светот владее епидемија на прекумерна телесна тежина, односно дебелина, клиничките проблеми кои се однесуваат на ПЦОС, можат да бидат влошени, но и да се зголеми нивната фрекфенција. Интервенциите во начинот на живеење, т.е. животниот стил, резултираат со губиток на телесна маса, што е една од најуспешните стратегии за подобрување на симптомите на ПЦОС. Сепак, многу пациенти не успеваат да изгубат во тежината или пак брзо ги надоместуваат изгубените килограми. Тоа е значаен предизвик да се развијат програми за ефективен животен стил и адјувантна фармаколошка терапија, со цел да се подобри репродуктивното здравје и метаболниот статус кај жените со дијагностициран ПЦОС.